Наум ДИМОВСКИ

# МОЖНОСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ МУЗЕИ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Експертите на ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ посебно ја нагласуваат тешкотијата во обезбедувањето рамнотежа меѓу локалната, националната, европската и свеската историја. Се смета дека локалната историја не треба да се гледа како предмет или цел сама за себе, туку повеќе како средство за оспособување на луѓето за историски метод и гледање на големите проблеми во микрокосмосот.

## Музеите и нагледноста

Кога станува збор за историските музеи, без облед од каков вид се тие, неминовно се поврзуваат со нагледноста во наставата по историја, зашто покрај другите, една од основните задачи им е да придонесат во нагледното прикажување на историските настани, појави, процеси и личности. Според тоа, ако не сакаме учениците да ги изучуваат историското минато во облик на апстрактни информации, потребно е на различни начини да го репродуцираме тоа минато. Ако принципот на нагледноста правилно е сфатен и применет во наставата по историја, учениците полесно го усвојуваат градивото, активни се во процесот на учењето, зголемено им е вниманието и интересот, подолго го помнат наученото, квалитеот на знаењата е подобар, им се развива способноста за набљудување и тн. Патиштата на нагледното прикажување и конкретизација на историското градиво се различни. Историските музеи со своите збирки се незаменливи во тој поглед.

**Што претставуваат историските музеи, посебно локалните**

Во однос на минатото музеите претставуваат постојано изворно матеијално сведоштво за животот и творечките можности на луѓето од некој крај, прдрачје, регион, поединц или цела етничка заедница. Тие ни зборуваaат за состојбата и каректеистиките на материјалната и духовната култура и степенот на цивилизацијата на луѓето, за културното творечко ниво на луѓето и за начинот како ги доживувале, сфаќале и изразувале своите преокупации во минатото. По својата содржина, уредување и намена-функција, музеите можат да бидат различни.

Локалните музеи се институции во кои претежно се собира, проучува, утврдува и прикажува материја (експонати) поврзани со историјата на определено место (град, општина, регион). Тие можат да бидат:

1. Од калсичен тип (археолошки)
2. Историски со разни одделенија
3. Современи: на НОВ, меморијални, спомен соби, на повоениот период.

Добро организираните локални музеи ја прикажуваат историјата на народот и хронолошки и тематски и територијални. Се разбира, во тематски поглед таквиот приказ ги подразбира сите процеси на развојот и тоа во нивното дијалектичко единство, односно одделните аспекти на единствениот историски процес, како што се стопанството и економиката, општеството и политиката, просветата и културата, ги обединува во нивната поврзаност и условеност.

Според податоците на Републичкиот комите за култура, пред неколку години (а таа положба не е многу променета) во Република Македонија имаше: 22 музеи и разновидни музејски поставки, 48 меморијални музеи, спомен-куќи, спомен-соби, музејски и галериски збирки. Во оваа широко разгранета музејска мрежа собран е значаен фонд на музејски и галериси збирки. Во оваа широко разгранета музејска мрежа собран е значаен фонд на музејски материјали од праисторијата до најново време (од археологијата, етнологијата, историјата, уметноста итн.). Тешко е да се каже кои од наведените музеи се локални, зашто скоро во секоја група, во секој тип, имаа дел од локалната историја на местото-селото, градот и околината каде што се најдува. Сепак, и како локални музеи во Република Македонија може да се третираат оние во кои има најмногу материјали кои зборуваат за локалната историја, а тие се општите музеи во: Битола, Кичево, Охрид, Прилеп, Скопје, Струмица, Гевгелија, Струга, Тетово, Титов Велес, Штип, Крушево и др. Во овие музеи има историски, археолошки и етнолошки збирки, односно во некои историски, археолошки и етнолошки одделенија со

преку 360000 предмети и документи од кои во постојание изложбени поставки изложени се многу мал број експонати, според споменатите податоци, околу 10%.

Локалните музеи не треба да бидаат само чувари и посредници на културното и природното наследство на човекот, туку како добри познавачи на културните и на другите животни прилики и потреби на средината во којашто дејствуваат, мораат да ја приспособат својата работа на тие потреби, да ја насочат на потребите на општеството. Во основа, тоа значи дека музеите мораат да и посветат поголемо внимание на функцијата на образованието и воспитувањето.

**Локалната историја и локалните музеи**

Локалната историја е дел од националната и општата историја. Таа е историјата на улицата, реонот, местото во кое се родил и живее човекот. Обработувајќи ја историјата на родниот крај се воспоставува врска со крајот во кој учениците живеат, а со тоа ќе се види каков одраз имале историските настани во средината во која тие живеат. Според тоа, локалната историја служи како основа за полесно и побрзо да се сфати другата историја - националната и општата.

Значењето на ова прашање станува се поактуелно поради промените на разни релации што се случуваат во нашата земја. Секое наше место брзо се менува, а со тоа ја збогатува сопствената историја. Училиштето треба да ја подготвува младата генерација да учествува во тие промени на своето место и сообразно на својата возраст и психофизичките способности да даде удел во менувањето на физиономијата на родниот крај. Од сето тоа може да се извлече еден општ заклучок кој би гласел: изучувањето на локалната историја во воспитно-образовната работа во училиштата има повеќекатно значење за умниот, моралниот, физичкиот и производно-техничкиот развој на ученикот, како и практично значење за животот. Колку повеќе се познава родниот крај, толку повеќе се сака, а колку повеќе се сака, толку повеќе се чува и брани.

Пристапот кон изучувањето на локалната историја во училиштата е разновиден. Постои цела лепеза од приоди. Преку било која форма да се реализира историјата, локалниот музеј ни дава највредни и најдостапни податоци за локалната историја. Оттука произлегува големото значење и улога на локалните музеи во воспитно-образовната работа. Затоа соработката на училиштата со музеите треба да биде органски дел од работата на наставникот по историја.

Бидејќи локалните музеи не се исклучиво од локален карактер, туку во нив има музејски материјали кои се однесуваат на поширокиот

регион, на народот или некоја епоха, нив треба да ги користиме како нагледност и при реализацијата на другите програмски содржини од националната и општата историја.

### Тешкотии и проблеми во соработката на училиштата со музеите

Фактите зборуваат дека соработката на училиштата (за основно и средно образование) во нашата Република не е на задоволително ниво. Ако се тргне од поставката дека музеите треба да станат наставно-воспитни кабинети, во кои учениците ќе можат да учат од изворот за минатото на својот народ, а музејската култура треба да му стане сопственост на секој ученик, на секој наставник и воопшто на секој граѓанин, постојната положба треба да не загрижува. Причини и тешкотии за ваквата положба има повеќе. Некои се од објективен, а некои од субјективен карактер. Нив ги има во училиштата, музеите, финансиерите на училиштата и музеите односно недостигот на материјални средства, во нормативните и законските документи и други. Ќе наведеме некои од нив.

1. Тешкотии во училиштата и кај наставниците:

- Една од тешкотиите и пречките за слабата соработка е предметно-наставниот систем во наставата. За 45 минути, колку што трае наставниот час, наставникот не е во состојба да го однесе учениците во музеј, да ја сврши работата и да се врати назад за наредниот час по друг предмет. Поради тоа треба да се бараат други часови, да се користат последните или првите часови или пак да се позајмуваат часови од други предмети.

- Ниту наставните програми по историја, ниту некој друг нормативен или законски документ обврзува на задолжителна соработка или посета на музеите. За жал и во програмите за работа на училиштата, стручните активи на наставниците по историја и во годишните планирања на наставата посетите на музеите ретко се планираат.

- Скоро во сите училишта присутна е појавата на недостиг од финансиски средства за колективен превоз, екскурзии и влезници во музеите. Наставниците не добиваат хонорар, за жал и соодветно признание, за работа во музеј.

- Во голема мера и учебниците по историја не се пишувани така, за да ги поттикнуваат и насочуваат учениците, пак и наставниците, да одат во музеите и да ги користат музејските експонати за успешно совладување на историското градиво.

- Слаба организација на слободното време во некои училишта како и на слободните ученички активности.

- Кај нас постои слаба традиција за соработка со музеите. Некои наставници сметаат дека соработката со музеите е изгубено време, некои

пак тешко воспоставуваат соработка со музеите поради нивната стручна и педагошка неупатенот во музејската проблематика.

2. Тешкотиите поврзани со музеите:

- Неправилни сфаќања за соработката на музеите со училиштата има и кај некои музејски работници кои мислат дека музејот треба да служи исклучиво за научни цели или пак, на музејот му даваат само клутрно-просветна улога. Некои музеи не сакаат да го презентираат своето богатство пред широката јавност. Податокот за изложените материјали во постојанит поставки јасно зборува колку рационално се користи тоа богатство.

- Има музеи со тесен простор што оневозможува изложување на сите збирки и работа со ученици. Во голем број музеи нема простор за предавања, пак тие се држат во несоодветен простор.

- Има музеи без доволен број стручни кадри-музејски педагози, кустоси и историчари кои се услов за плодна и успешна соработка со училиштата. Во некои музеи се работи со застарени методи, нема иновации и креативност, а сето тоа влијае на интересот на посетителите.

- На многу музеи им е слабо финансиката положба која оневозможува и влијае на подготовките и соработакта со училиштата.

Има и многу други причини и тешкотии кај музеите, во училиштата, кај наставниците и учениците кои влијаат на заемната соработка.

**Можности и облици за соработка на училиштата со локалните музеи**

Покрај наведените тешкотии и проблеми можностите и облиците за соработка на училиштата со музеите се разновидни. За соработката со локалните музеи се уште немаме некои утврдени дидактички принципи и педагошко-методски постапки. Сепак, присутни се и можат да се користат следниве облици и форми на соработка:

- Групни или заеднички посети кога во музејот одат сите ученици од училиштето или поеќе одделенија односно класови. Вакви посети обично се практикуваат при изведувањето на екскурзии. Негативна страна на ваквите постеи е што не може да се изведе квалитетна работа поради големиот број ученици.

- Посети од работни групи составени од помал број ученици од класот или одделението со одредени цели и конкретни задачи која група што да види, проучи, забележи и сл. Овој облик на работа е ефикасен, зашто може да се обезбеди внимание и интерес, а со тоа и работна атмосфера кај учениците.

- Посети со специјална задача кои се прилично значаен облик на работа бидејќи секој ученик или секоја група ученици добаива

специјална задача што да стори при посетата. По завршувањето на псетата обично учениците реферираат пред гурпата или класот-одделението за задачата што ја добиле.

- Еден од облиците на соработка со музеите е и посетата на музеите од страна на наставниците, индивудуално или колективно, со цел да се запознаат со музејските материјали и да воспостават врски со стручните музејски работници. Притоа тие се подготвуваат за работа со учениците.

- Како можни облици на соработка може да се третираат посетите на музејските работници на училиштата со различни цели: приредување-прикажување музејски изложби на одредени теми, давање помош на наставниците и учениците посебно на слободните ученички активности по историја, уредување на музејскит витрини во училиштата или музејски збирки кои го подготвиле учениците, посетата на состаноците на стручните активисти или историските секции, одржување предавања пред учениците итн.

- Соработката на училиштата и учениците преку слободните ученички активности со музеите на разни релации и еден од облиците на соработка.

- Во соработка со музеите создавање на историски кабинети, историски катчина или училишни музеи, формирање музејски секции во училиштата, изготвување на разни нагледни средства во музеите или во училиштата, подготување изложби на теми од локалната историја, патронот на училиштето или некој друг јубилеј, организирање на семинари и курсеви за учениците, организирање на натпревари за учениците, водење разговори со истакнати личности, прикажување филмови со историска тематика во музеите.

- Покрај наведените постојат уште многу други форми и облици за соработка меѓу училиштата и музеите преку кои би се реализирано: организирање на екскурзии од страна на музеите до неои локалитеит или историски споменици, вклучување на училиштата во музејски собирни или истражувачки акции, заедничко ангажирање за одржување и чување на локалнит и другите историски споменици, оспособување на учениците за водичи низ локалните музеи, организирање на наградни конкурси за учениците, изложби на ученички творби поврзани со музејската активност итн.

### Подготовки за успешна сорабока со музеите

За успешна соработка со музеите неопходно треба да претходат подготовки на наставникот, на музејот и на учениците. Подготовките главно се состојат во следното: планирање на работата и непосредна

подготовка на наставникот и учениците. Планирањето се врши во почетокот на учебната година, а непосредните подготовки пред посетата на музејот. При подготовките и планирањето на работата неопходно е да се имаат предвид повеќе стручни и педагошко методски барања како на пример: познавање на музејскиот материјал, договарање на наставникот со кустосот на музејот за тоа кој ќе раководи со учениците, запознавање на учениците со музејските збирки, запознавање на музејскиот педагог или кустосот со наставната програма по историја и темата што ќе се обработува, часовите кои ги држи кустосот или музејскиот педагог да бидат прилагодени на детската возраст и да не се пренатурпани со фактографија.

При сето тоа работата во музеите може да се искористи за обработка на нови теми или наставни еџиниц, за дополнување на содржините, за повторување, утврдување и систематизирање на изученото градиво итн..

## Заклучок

Наведовме некои облици и можности за соработка на училиштата со музеите. Постојат уште многу варијанти кои секој наставник по историја треба да ги открива, развива и применува. Сето тоа гледано низ стручно-педагошки аспект влијае во збогатувањето на прицилот на нагледноста, отстранување на формализмот и вербализмот во работата и по големо активирање на учениците во наставата. Не би требало препораките да се сфатат како шаблон на кој треба да се држиме зашто тоа би ја кочело соработката, иницијативата и креативноста во натамошното усовршување на воспитно-образовната работа во училиштата и музеите. Секоја иницијатива за изнаоѓање на нови облици, форми и можности би ја дополнила организациската и содржинската соработка на училиштата и музеите.

### Литература


1 Група автори, Настава историје у основној школи, Београд, 1964.

2 Љубен Толев, Теорија и практика на обучението по историја, кн. ИИИ, Софија, 1978.

3 Раде Вуковиќ, Завичај у васпитно-наставном раду осмогодишње школе, Београд, 1958.

4 Дамјан Лепчески, Стручно-методски прилози за наставата по историја, Скопје, 1979.

5 Слободан Ѓукиќ и Вукосав Рудиќ, Сарадња школе са музејима, Београд, 60.

6 Проблеми на обучението по историја, кн. 5, Софија, 1974.

7 Музејски гласник, бр. 2, Скопје, 1973.

8 " " 3, " 1974.

9 Музеи на Македонија, Скопје, 1979.

10 Настава по историја, бр. 1/71-72.
" " 3/79.
" " 1/82.
" " 2/82.
11 Хоризонти историје, Приштина, бр. 3, 1979.

**Други материјали:**

1. Републички секретаријат за култура, Музејска дејност во СРМ, Скопје, 80.
2. " " " ", Концепција за развојот на музејската мрежа во СРМ во периодот 1981-2000 година, Скопје, 1980.
3. Стручни материјали од Европскиот совет, Стразбур, 1986.

Декември 1993 година
Скопје

НАУМ Димовски